Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-104/1

Скопје 24.01 2020

До

**Предмет: Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, доставува.-**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме следниве податоци:

Во текот на 2019 година одржани се вкупно 515 најавени и 298 ненајавени јавни собири, од кои 351 се најавени и 189 ненајавени јавни собири за изразување на протест или мислење по одредени прашања кои ги засегаат одредени групи граѓани и 164 најавени и 109 ненајавени јавни собири - митинзи на политичките партии во врска со Претседателските избори 2019 година и други активности на политичките партии.

Одржани јавни собири по Сектори за внатрешни работи :

- На подрачјето на **СВР Скопје** одржани се 262 најавени и 153 ненајавени јавни собири, од кои најбројни биле јавните собири во организација на: граѓански здруженија Македонија Блокира, Македонска Преродба, Левица (136 ненајавени јавни собири), протести заради нетранспарентна стечајна постапка


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

и неизвесност за подмирување на побарувањата на работниците од АД ОХИС (55 најавени јавни собири), протести на група граѓани против дислокација на центар за нарко-зависници (19 најавени јавни собири), јавни собири на "Комитетот за одбрана на дигнитетот на неправедно обвинетите патриоти и Граѓанската иницијатива за ослободување на обвинетите патриоти" (10 најавени јавни собири), протести поради изразување револт кон Општина Кисела Вода и Град Скопје за непреземени активности за целосно асфалтирање на ул.Мариовска кон м.в Теферич (9 најавени јавни собири), протести на вработените на Еурокомпозит (7 најавени јавни собири), протести против глобално затоплување низ улиците на повеќе градови симултано - Организација „Friday for futures„ (7 најавени јавни собири), Скопје Прајд викенд-во организација на Хелсиншки комитет за човекови права (7 најавени јавни собири), протести на граѓани со блокирање на сообраќај на ул.1, 11 и 22 с.Петровец (7 најавени јавни собири), протести под мото „СТОП за ИЗВРШИТЕЛИТЕ" (6 најавени јавни собири), собири во организација на граѓански здруженија „Македонија Блокира", „Македонска Преродба", „Христијанско Братство" и други (5 најавени јавни собири), протестен марш на граѓанско здружение „Шепасти Ентузијасти" со поддршка на здруженија за заштита на животни (5 најавени јавни собири), јавен собири со блокада поради револт на жителите на с. Усје за изградба на секундарна мрежа на фекална канализација на раскрсница бул.Борис Трајковски-пат с.Усје (5 најавени јавни собири), протести во врска со честите промени на Претседатели на „НСГНРМ/ТИШИНА" (5 најавени јавни собири), протести против загадувањето под мото Канцерогено Општество (5 ненајавени јавни собири), протест поради одржување на судски процес пред Основен суд Скопје (4 најавени јавни собири), протест на вработени во фабрика „Треска Мебел"(4 најавени јавни собири), протест поради монтирани процеси, политички затвореници, меѓународна истрага за обвинителство и судство на РСМ за целосни права на Албанците во РСМ (3 ненајавени јавни собири), протест поради незадоволство од непреземена одговорност за безбедност на бул. „12 та Македонска Бригада„ (3 најавени јавни собири), протест за решавање на 14-годишна стечајна постапка на АД ТИПО (3 најавени јавни собири), јавен собир со блокирање за спречување на ископот на песок и чакал по течението на река Пчиња (3 најавени јавни собири), протест за изразување незадоволство од измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита - Група на кофинансирани специјализанти (3 најавени јавни собири), протест - Семакедонски Национален Совет МАКЕДОНИУМ (3 најавени јавни собири), протестен марш - Грански Независен Синдикат, Независен синдикат на Шумска Полиција и Администрација (3


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

најавени јавни собири), протест во врска со исчезнувањето на детето Пинета Секондо (3 најавени јавни собири), јавен собир во организација на Светски Македонски Конгрес и Здружение за промоција на трајни вредности Трета Република (3 ненајавени јавни собири), протест поради револт за предолго траење на санација на мост на магистралниот пат во Индустриска зона Визбегово (3 најавени јавни собири), протест за изразување незадоволство на граѓаните од населба Синѓелиќ, (последна 45ка) (3 најавени јавни собири), здружение за заштита на граѓанските права „Но Пасаран" Скопје (2 најавени јавни собири), протест во организација на Граѓанско здружение „Аманет" (2 најавени јавни собири), и други поединечни јавни собири.

Во текот на 2019 година одржани се 34 најавени и 11 ненајавени јавни собири организирани од политички партии во врска со Претседателските избори 2019, како и други активности на политички парти.

Од сите одржани јавни собири на подрачјето на СВР Скопје приведени се вкупно 8 лица, а не е поднесена ниту една претставка против полициски службеници за прекумерна употреба на сила.

❖ На подрачјето на **СВР Куманово** одржани се 5 најавени и 1 ненајавен јавен собир и тоа по 1 најавен јавен собир од групи на граѓани од Куманово против загадувањето под мото Македонија се гуши, група граѓани од с. Шупли камен поради ископување на песок од река Пчиња, протест од Грански независниот синдикат на полиција, група граѓани пред зграда на Општина Куманово поради неистакнато албанско знаме во Општина Куманово, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија и 1 ненајавен јавен собир од граѓани продавачи на тезги на зелен пазар во Куманово.

Во текот на 2019 година одржани се 20 најавени и 6 ненајавени јавни собири организирани од политички партии во врска со Претседателските избори 2019, како и други јавни собири на политички партии.

На одржаните јавни собири нема приведени лица и нема претставки против полициски службеници за прекумерна употреба на сила.

❖ На подрачјето на **СВР Велес** одржани се 10 најавени и 1 ненајавен јавен собир и тоа во организаација на: Здружение на граѓани „Тиквешки

лозари и овоштари" (4 најавени јавни собири) поради откупните цени на грозјето, Здружение на граѓани „Напредни лозари" (3 најавени јавни собири) поради неисплатено предадено грозје, Грански независен синдикат на Полицијата (2 најавени јавни собири) и Земјоделско здружение Агро центар (1 најавен јавен собир). Одржан е и 1 ненајавен јавен собир на група граѓани - родители на ученици во ООУ „Тодор Јанев" во Чашка поради отварање на паралелка на албански јазик во училиштето.

Во текот на 2019 година одржани се 13 најавени и 15 ненајавени јавни собири организирани од политички партии во врска со Претседателските избори 2019, како и други јавни собири на политички партии .

На одржаните јавни собири нема приведени лица и нема претставки против полициски службеници за прекумерна употреба на сила.

❖ На подрачјето на **СВР Штип** одржани се 10 најавени и 1 ненајавен јавен собир и тоа во организаација на: група граѓани во врска со загадениот воздух (3 најавени јавни собири), оризопроизводителите во с.Облешево (2 најавени јавни собири),, и по (1 најавен јавен собир) организиран од здружение на работнички права „Текстилец", „Конфедерација на слободни сидикати", група граѓани од Општина Пехчево поради отруени кучиња, група граѓани поради глобално затоплување, Грански независен синдикат на полицијата и 1 ненајавен јавен собир испред Фабриката за хартија „Пејпр Мил" во Кочани.

Во текот на 2019 година одржани се 29 најавени и 9 ненајавени јавни собири организирани од политички партии во врска со Претседателските избори 2019, како и други јавни собири на политички партии .

На одржаните јавни собири нема приведени лица и нема претставки против полициски службеници за прекумерна употреба на сила.

❖ На подрачјето на **СВР Струмица** одржани се 23 најавени и 21 ненајавен јавен собир и тоа во организаација на: еколошки здруженија „Здрава котлина", „Еко котлина", „Жив штит" и граѓаните од селата Иловица и Штука против отварање на рудници на подрачјето (6 најавени јавни собири и 19 ненајавени јавни собири), протест од вработени во Центарот за возила во Струмица поради времено затварање на Центарот (17 најавени

јавни собири) и во организација на група граѓани за чист воздух (2 ненајавени јавни собири).

Во текот на 2019 година одржани се 22 најавени и 10 ненајавени јавни собири организирани од политички партии во врска со Претседателските избори 2019, како и други јавни собири на политички партии.

На одржаните јавни собири нема приведени лица и нема претставки против полициски службеници за прекумерна употреба на сила.

- На подрачјето на **СВР Битола** одржани се 28 најавени и 4 ненајавени јавни собири и тоа во организаација на: вработените на Еурокомпозит поради прогласување на технолошки вишок (13 најавени јавни собири), физичко лице Рубинчо Најдоски пред Мермерен комбинат во Прилеп поради бучава и загаденост (4 најавени јавни собири и 1 ненајавен јавен собир), здружение на земјоделци поради неисплатени субвенции (3 најавени јавни собири и 1 ненајавен јавен собир), здружение на овоштари поради откупна цена на јаболко (2 најавени јавни собири), вработени во ЗК Пелагонија поради неисплатени придонеси и плати (2 најавени јавни собири), група граѓани за поттикнување на развој на областа Мариово (2 најавени јавни собири), Грански независен полициски синдикат (2 најавени јавни собири), за поддршка на Јане Ченто (1 ненајавен јавен собир) и за чист воздух (1 ненајавен јавен собир).

Во текот на 2019 година одржани се 4 најавени и 26 ненајавени јавни собири организирани од политички партии во врска со Претседателските избори 2019, како и други јавни собири на политички партии.

На одржаните јавни собири нема приведени лица, а поднесени се 3 претставки против полициски службеници од граѓани незадоволни од полициското постапување при обезбедување на јавните собири. Од страна на СВР Битола по сите три претставки е постапувано и истите се оценети како неосновани.

- На подрачјето на **СВР Охрид** одржани се 16 најавени и 2 ненајавени јавни собири и тоа во организација на: еколошко здружение ЗЕПТ Натура лаб поради работењето на каменолом во с. Лабуништа (4 најавени јавни собири), Грански независен синдикат на Полицијата (2 најавени јавни

собири), по 1 најавен јавен собири организиран од група граѓани поради разрешување на Имамот и џамискиот одбор во с. Лисичани, група граѓани незадоволни од немање на судска разрешница во врска со убиство случено пред 18 години пред Основниот суд во Струга, група граѓани од с. Крушје поради палење на депонија, група граѓани од с. Друговo поради неизградена канализациона мрежа, група граѓани од населба Христо Узунов во Охрид поради поставување на базна станица на Македонски телеком, група граѓани поради рочиште и пресуда пред Основниот суд во Кичево, група граѓани за реконструкција на локален пат во с. Лажани, вработени во ЈП Стандард од Дебар, здружение на граѓани за заштита и афирмација на културните вредности „Совест“ во врска со изградба на минарето на Али пашината џамија во Охрид и Конфедерација на слободни синдикати и по 1 ненајавен јавен собири организиран од група граѓани кај браната Шпиље поради прекини во снабдувањето со електрична енергија и група граѓани од с.Волино поради лишување од слобода за сторени кривични дела на лица од селото.

Во текот на 2019 година одржани се 21 најавен и 7 ненајавени јавни собири организирани од политички партии во врска со Претседателските избори 2019, како и други јавни собири на политички партии.

На одржаните јавни собири приведено е едно лице за време на јавниот собир - митинг на политичка партија ВМРО-ДПМНЕ а по повод отпочнување на кампања за Претседателски избори 2019година. Не се поднесени претставки против полициски службеници за прекумерна употреба на сила.

- На подрачјето на **СВР Тетово** одржани се 7 најавени и 6 ненајавени јавни собири и тоа во организаација на: граѓанската иницијатива „Да ја спасиме Попова Шапка“ (2 најавени јавни собири) и по 1 најавен јавен собир организиран од Здржението на граѓани „Те сакаме Пршовце“ против спортските обложувалници во селото, м.з. Доброште поради случена сообраќајна незгода, група сточари од Горни Полог поради неисплатени субвенции, независен синдикат на пожарникари и Друштво ГВЕКО Гостивар поради загадувањето. Одржани се по 1 ненајавен јавен собири организиран од група граѓани од с.Камењане во врска со отварање на градинка во ОУ, вработени во Клинички центар Тетово, група граѓани од с. Врапчиште пред Општинската зграда поради продажна на земјиште од

страна на Општината, група граѓани од с. Вратница поради изградба на хидроцентрали на Вратничка река, група граѓани незадоволни од мали димензии на спортската сала во с. Добридол и Еко Герила.

Во текот на 2019 година одржани се 21 најавен и 25 ненајавени јавни собири организирани од политички партии во врска со Претседателксите избори 2019, како и други јавни собири на политички партии.

На одржаните јавни собири нема приведени лица и не се поднесени претставки против полициски службеници.

Согласно Законот за јавните собири („Сл.весник на РМ" бр.55/95, 19/06, 66/07 и бр. 125/15) јавен собир заради мирно изразување на мислење или протест може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена, освен: до здравствени установи, на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош и го нарушува мирот на болните, до детски градинки и училишта додека децата престојуваат во нив и на автопатишта и магистрални патишта, на начин со кој се загрозува патниот сообраќај. Заради интересите на безбедноста организаторот на јавниот собир може да го извести Министерството за внатрешни работи за одржување на јавниот собир и мерките што се преземени за неговото одржување. Во случаи кога како организатор на јавниот собир се јавува странско лице, за одржување на јавен собир е должно да побара и добие одобрение од Министерството за внатрешни работи.

Министерството за внатрешни работи нема надлежност да забрани јавен собир, но може да го прекине одржувањето на јавен собир во случаите кога истиот е насочен кон: загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните, вршење или поттикнување на вршење кривични дела утврдени со закон, загрозување на животната средина и кога неговото одржување е во спротивност со меѓународните договори со кои е предвидена обврска за непречено одвивање на сообраќајот.

Исто така во текот на 2019 година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи постапувал по две претставки кои се однесуваат на употреба на сила за време на јавен собир. Првата е за време на одржување на ракометен натпревар, а втората е за време на одржување на протестен перформанс против


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

полициската бруталност. По извршените проверки, преземените мерки и активности, утврдено е дека претставките биле неосновани.

Воедно ве информираме дека Министерството за внатрешни работи смостојно како институција не презема активноти за бришење на профили, ниту групи на социјални медиуми на интернет. Од тие причини Министерството за внатрешни работи не поседува листа на избришани он-лајн групи на социјалните медиуми.

Изработил: Јован Пешевски
Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска
Одобрил: Наталија Спирова

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Тони Ангеловски


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015